

# *Пролетта – будилник на младоста, љубовта и убавината*

ЛУБ "БЛАГОЈ ЈАНКОВ-МУЧЕТО" СТРУМИЦА
С 821.163.3-1
ПРОЛЕТТА
100072878
COBISS ©

Струмица, 2023 година

ЛУБ „Благој Јанков Мучето“

ЛОКАЛНА УСТАНОВА БИБЛИОТЕКА
СТРУМИЦА
ИНВ.БР. 72878

# Пролетта – будилник на младоста, љубовта и убавината

# Збирка поетски и прозни творби
(група автори)

ПУБ „Благој Јанков Мучето“

ЛОКАЛНА УСТАНОВА БИБЛИОТЕКА СТРУМИЦА

Издавач:
ЛУ Библиотека „Благој Јанков Мучето"
Струмица

За издавачот:
Денис Мустафов, директор

Овластен лектор:
Васка Кирова

Приреди и уреди:
Васка Кирова

Печати:
Графосервис – Струмица

Тираж:
50 примероци

821.163.3-1
821.163.3-32

ПРОЛЕТТА – будилник на младоста, љубовта и
убавината : збирка
поетски и прозни творби / група автори ; [приреди и
уреди Васка Кирова].
- Струмица : ЈУ Библиотека "Благој Јанков-Мучето", 2023. -
50 стр. : фотографии ; 21 см

Слики на застапените автори

ISBN 978-9989-177-90-3
COBISS.MK-ID 61335813

ЛУБ „Благој Јанков Мучето"

ЛОКАЛНА УСТАНОВА БИБЛИОТЕКА
СТРУМИЦА
ИНВ.БР. 72878

## Содржина:


1. Рецензија ....................................................................1
2. Пролетен будилник - Славица Андреева............ 5
3. Будење на цветот - будење на светот - Ана Бојаровска..............................................................8
4. Пролетни шепоти - Сања Гавровска...................12
5. Пролет е и душата одмора - Василија Ѓоргиева..............................................................14
6. Ѕавони будилникот на пролетта - Костадинка Витанова..........................................................16
7. Мирисот на пролетта и љубовта - Катерина Камбова............................................................20
8. Пролетта е полет - Викторија Трајкова..............23
9. Биди ми пролет – Катерина Тасева....................26
10. Пролетна убавина – Марија Витанова...............28
11. Споменот за една пролет - Марија Челебиева....30
12. Убавината – миг од вечноста - Марија Брндевска........................................................32
13. Пролетен коктел - Сузана Стоилкова.................34
14. Магијата на пролетта - Марија Чолакова…..........36
15. Пролетна среќа што мириса - Биљана Ѓоргиева Зринк.............................................................38
16. Пролетта е надеж - Надежда Ичкова..................41
17. Пролетта и младоста во моите гради - Снежана Лазаревска........................................................44
18. Пролетта – цутар, тревен и косар - Мариза Милкова.........................................................46

ЛОКАЛНА УСТАНОВА БИБЛИОТЕКА СТРУМИЦА



Васка Кирова, библиотекар,
дипломиран професор по македонски јазик и литература и овластен лектор по македонски јазик

## Рецензија

ЈУБ Благој Јанков Мучето

Пролетта е синоним на убавото. Во секоја легенда убавината другарува со благородноста. Во секоја народна песна убавината нè пречекува со добрината. Многу поети, поклонувајќи се пред убавината на пролетта, во неа гледаат огледало на духот. Еве и вистински причини што ќе нè наведат на заклучокот дека грижата за убавото претставува нераскинлив дел од вкупните вредности што ја градат нашата личност. Трагајќи по тајната на внатрешната сила, пеејќи за жената којашто зрачи со вистинска убавина однатре, поетот ќе рече: "Ако се оддалечиш, душата пече, ако се приближиш, душата се разнежува. Од

младоста, а со тоа и на љубовта, во Локалната библиотека „Благој Јанков Мучето" во Струмица пристигнаа творби од седумнаесет автори. Секоја песна е различна, неповторлива, а своја. Благодарение на социјалните мрежи, конкурсот наиде на широк одзив, што особено нè израдува. Пофалба и секоја чест за инспирацијата за творбите! Пролетта ги натерала авторите на размислување за убавината на флората, будењето на животот воопшто. Прекрасни, нежни стихови украсени со убави епитети. Естетиката, бојата и мирисот на цвеќето се само појдовни мотиви од кои трудовите се компонирани во различи насоки во зависност од поетското и прозно созвучје: од здравици, преку оди до епско размислување. Во идејна смисла, цвеќето кај авторите е повод за размислување за неговите симболи, преку родољубив тон (сеќавање на детството, ливадите со булки, зелените долини со лелеави peрунuku, мирисот на јоргованите) до широко поставените слики што комуницираат со нашата поетска традиција на народните лирски песни (градина на кајсиите, дворовите со здравец,

ЈУБ Благој Јанков Мучето

божур, шебој и зумбули). Во однос на стилските фигури, застапени се метафората, метонимијата, епитетот, инверзијата, синегдохата, а многу од песните имаат и рима. Има песни што допираат длабоко во нашето митско минато, па така пролетта е споредена со весела самовила што со својот здив, секој цвет го отелотворила. Тука е и трансформацијата на природата и пролетта споредена со жената, животниот циклус преку мајката - прародителка, сесоздателка, родилка, утешителка потсетувајќи на својствата на природата, цвеќето, или на лековитоста на некои цветни видови чај.

ЛУБ „Благој Јанков Мучето"

Поклониците и чуварите на убавината, пролетта ја третираат како годишно време со нејзиното изобилство од цветови, зеленило и раскош. Чекајќи ја пролетта како дарителка на будењето, весник на новата природа, на убавината можат да ѝ се додадат сите атрибути што ја следат оваа доба, а тоа се: свежина, благост, разиграност, фантазија. Тоа враќање и поистоветување на пролетта со убавината

е само дел од големата вистина за неделивоста на природата и нашето почитување на сите нејзини закони и барања.

Давањето можност за афирмација на книжевните творци е составен дел од работата на Локалната библиотека „Благој Мучето". Можност за покомплетно разоткривање на профилот на авторот и неговото умеење да навлезе во тајните на пишувањето во стилски различно насочените творби. Авторите се: средношколци, студенти, воспитувачи, професори, наставници, трговци, педагози, банкари, книговодители. Творбите донесени со нивниот индивидуализам беа впечатлив почеток на оваа книжевна средба.

Морам да ја пофалам идејата на учесниците разлеана врз хартијата, нивните лични творби со кои го славиме едно од најубавите годишни времиња - пролетта, будилник на младоста, љубовта и убавината.

ЛУБ „Благој Јанков Мучето"

## ПРОЛЕТТА – БУДИЛНИК НА МЛАДОСТА, ЉУБОВТА И УБАВИНАТА



Славица Андреева, воспитувачка во ЈОУДГ "Детска радост"- Струмица

ЛУБ „Благој Јанков Мучето"

## ПРОЛЕТЕН БУДИЛНИК

Изгреј зоро, зоро рујна

поздрави ги пролетта и природата бујна,

помилувај роса пролетна чиста,

недопрена, бисерна како моминска солза иста.

Во ново рuво сè се буди

денот пролетен убавини нуди,

сјајот сончев силно блика, нежно коси гали

ЛОКАЛНА УСТАНОВА БИБЛИОТЕКА СТРУМИЦА

в гради нови копнежи врели пали.

Сè се буди, пролетна радост се раѓа, како виножито блика

цвета цветот, цвета љубовта, сè има нова лика.

Опоен цветен мирис од јоргована и нарциси душа слади

љубовна песна разигрува срца млади.

В срце гори, жари, искра стара

нова радост, нова љубов тоа бара.

Во секое срце таа љубов нека расте, нека цари

убавини и радости само младоста, љубовта може да дари.

Младешка љубов, невина, чиста, за грев не знае

младоста не мирува, таа е виор што не умее да трае.

Младешка љубов, младешка радост, како скриена тајна

НУБ „Благој Јанков Мучето“

се раѓа во пролетната ноќ

како ѕвезда треперлива, сјајна.

Љубов, младост, радост и убавина чудна

како пролетен будилник секогаш будна.

Таа е жива вода,

чијшто извор е една млада душа,

таа е копнеж, таа е трепет

и кога молчи, пак се слуша.

Сè е менливо, сè брзо проаѓа

но со новата пролет, нова младост доаѓа.

А љубовта, љубовта е вечност цела

таа молчи, за неа зборуваат нејзините дела.

ЛУБ „Благој Јанков Мучето“



Ана Бојаровска, студент на
Филолошкиот факултет „Блаже
Конески",

Универзитет „Свети Кирил и
Методиј" - Скопје

# БУДЕЊЕ НА ЦВЕТОТ - БУДЕЊЕ НА СВЕТОТ

Во корењата ни спијат сите кодови,
добиваат здив кога од цвет никнат плодови.
Мајката Земја се буди
обновува сè што изгуби.
Убавината има да го спаси Светот!
Живот се раѓа отворајќи се Цветот!
Жената е Портал, мајката е Матица
циклусот животен тече по иста матрица.
Природата и жената многу маки траат
но, секоја убавина тие ја ткаат.

ЛУБ „Блаже Јанков Мучето"

Сесоздателки и Прародителки

вечно за душа Утешителки.

Природата е богата со кристализирани или дијаманти течни,

сите нејзини творби низ циклусот на трансформација се вечни.

Пролетта е славење на духот на младоста

во сечие срце ги обновува надежта и радоста.

Животот се одвива како месечевите мени

татне тој исконски порив во нашите вени.

Во корењата ни спијат сите кодови,

добиваат здив кога од цвет никнат плодови.

Пролетта е будење со крајот победа извојување.

Пролетта е воскресение за секое растение!

Жената, како и природата, е мајка,

двете се клучни за секоја бајка.

Под снежната покривка семето се крие

НУБ „Благој Јанков Мучето"

до пролетта спие.
Во пролетта, земјата од сон зимски се буди,
бликнуваат водопади, реки, цвет на секој чекор се нуди.
Во мирисите е патувањето низ времето,
се шепотат тајни за спас од невремето.
И на исушените билки не им е дојден крајот
говорат со животни мириси и лекуваат со чајот.
Во мислата ни е пролетта, весела самовила,
со својот здив, секој цут го отелотворила.
Јоргована, темјанушки, нарциси нè мамат
со своите мириси душа ни галат.
Летаат, од цвет на цвет, пчели,
од нив учиме дека заеднички сè се дели.
Татнат во нас народни песни и ора мајски
со своите звучни бои рајски.
Засилени од тишината, во душата,

НУБ „Благој Јанков Мучето"

ја победуваат жедта, на сушата.

Со сè што природата ни дарува

таа низ сите свои фази слободарува.

За време пролет, најраскошно се појавува

буквално, во полн сјај царува.

Прегрни ме со лисјето ти раззелена горо

нека се развее пролетното оро.

Ветрови милно веат

Плодотворен полен сеат.

Во пролетта е убавината,

нè учи на вистината:

Зимата зема, пролетта дава...

- љубов и живот над смрт се слават.

Во корењата ни спијат сите кодови

добиваат здив, кога од цвет никнат плодови.

НУБ „Благој Јанков Мучето“



Сања Гавровска,
трговец, Босилово

# ПРОЛЕТНИ ШЕПОТИ

Треперам понесена од песните
штотуку испилени од душата на славејот,
тивко како мало дете
чувството ме тера да се заронам
во зеницата на првата пролетна роса.
И насетувам нов ден е, ново утро
поинакво од сите други досега,
мириса на спокој и надеж,
на починка и радост. Устава ми глаголи на јазик
одамна подзаборавен,
заклучен некаде во мојата
поодмината младост.

ЛУБ „Благој Јанков Мучето"

Пролетни шепоти нежно

тихуваат во моите мисли,

бележат траги еднаш изодени.

И брзаат, нескротливи се како

првиот романтичен бакнеж.

Чекорам во поле со лелеави перуники

и со погледот ги нишанам зраците

кои штотуку се кршат, паѓаат блажени

во мојата прегратка, телото ми се буди

и разубавува од аберите што постојано тропаат

на портата од мојата вратена убавина и младост.

Повторно сум дете, насетувам радост,

оставам ветрот да ме милува

да ми раскажува за сè што сум заборавила,

оставам да ме опие тишината,

оставам пролетта да ми раѓа спомени

кои повторно ќе ја вдахнат светлината.

ЈУБ „Благој Јанков Мучето“



Василија Ѓоргиева, ученичка во III година, СОУУД "Димитар Влахов"- Струмица

## ПРОЛЕТ Е И ДУШАТА ОДМОРА

Пролет е,

душава ја спремам да ја инхалира надежта,

мирисот на јоргован ми се ниже по телово,

ме оживува.

Пролет е,

се гуши и болката,

ниту мојата утопија не е безвредна,

претворена е во вистина.

Животот е вистина,

секој што тагуваше е помилуван,

пролет е

ЛУБ „Благој Јанков Мучето“

и душава одмора,

среќата на гради секому му седи.

Пролет е

и дрвјата за љубов знаат,

а јас пливам во моиве стихови,

пишувам за љубов,

а љубовта младост носи.

Копнежот на утрата почива,

сонцето ја бакнува земјата,

надежта в коски ни се всадува,

пролет е.

Пролет е,

а јас се плашам дека сонувам

и не будете ме,

вечна да е љубовта,

вечна да ни е младоста во срцата!

ПУБ „Благој Јанков Мучето“



Костадинка Витанова, професор во СОУУД "Димитар Влахов"- Струмица

# ЗАЅВОНИ БУДИЛНИКОТ НА ПРОЛЕТТА

ЛУБ „Благој Јанков Мучето“

Заѕвони будилникот,

и денес ко и секој ден се разбудив,

и денес ко и секој ден се насмевнав,

и денес ко и секој ден ја видов светлината,

и денес ко и секој ден...

си посакав добро утро,

добро е, овде сум, жива сум,

го чувствувам мирисот на трендафилот,

го чувствувам допирот на сонцето, го чувствувам мирисот на кафето.

Заѕвони срамежливо будилникот,

време е за појадок, за овошје во чаша,

време е за витамини, за почеток на денот,

време е за Вивалди, за судоку,

време е за добар ден,

ден за маратон од утро до мрак,

ден за настава во природа,

ден за крстарење околу светот,

во парк, стадион или планина,

околу реки, езера или мориња.

Заѕвони гласно будилникот,

одѕвонуваат броевите од еден до дванаесет,

одѕвонуваат навредите изречени,

одѕвонуваат зборовите недоречени,

одѕвонуваат речениците кажани зад грб,

одѕвонуваат секојдневните озборувања,

одѕвонува и доброто и злото,

ЛУБ „Благој Јанков Мучето“



ЛОКАЛНА УСТАНОВА БИБЛИОТЕКА
СТРУМИЦА
ИНВ.БР. 72878

жубори река во гласните жици,

минуваат ветришта во човековиот ум,

тежат планини на душата мека.

Ѕвони уште погласно будилникот,

подготвени за долга прошетка,

подготвени за гласна музика,

подготвени за детски џагор незапирлив,

подготвени за младешки дух нескротлив,

подготвени за светла шминка со темни очила,

подготвени сме, и дење и ноќе.

Дојде редот на погледите кон хоризонтот,

дојде редот на оптимизмот

на вербата во подобро утре.

Ѕвони најгласно будилникот...

ѕвони, престанува, продолжува,

малку сонце, малку дожд, па догрејува,

малку радост, малку тага, па усреќува,

ЈУБ „Благој Јанков Мучето“

малку бело, малку црно, па шаренее,

сведок е на нови почетоци, на младост,

ведрина, енергија детска, искрена радост,

сведок е на убавина, насмевка се шири

нека омразата и злобата насекаде се смири,

сведок е на љубов, на саканите се дарува,

Пролет е, нека и кај вас спокој и мир царува.

ЛУБ „Благој Јанков Мучето“



Катерина Камбова, с. Стојаково (Богданци), ученичка во III година, СОУУД "Димитар Влахов"- Струмица

## МИРИСОТ НА ПРОЛЕТТА И ЉУБОВТА

Штом првата роса ја покрива земјата,

штом сончевите зраци ја бакнуваат тревата,

штом цутот на дрвјата ми ги погали ноздрите,

а љубовта ме потфати за срце,

чудесен мирис ме обзема.

Ах, тој мирис, ах, таа убавина!

Мириса на пролет, мириса на љубов!

А, како ли мириса љубовта?

Како чаша полна со румено вино,

како усни жедни за бакнеж,

ЛУБ „Благој Јанков Мучето"

ко подмладено и нежно срце,

ко свежо и расцутено дрво.

Пролетта не го носи само цутот,

носи љубов, носи млади срца,

време на сите времиња,

будилник кој екнува од црцор,

црцор на ластовички,

црцор на вљубени гулапчиња,

наш црцор, млад и вековит.

Екот препознатлив за едно време,

но не и на пролет само,

доба на младост, доба на светлина,

време на подмладок и зрелост,

за млади, но и за стари срца,

кои подмладуваат заедно со пролетта.

Сфативте ли како мириса пролетта

или, пак, љубовта нѐ опијани

ЈУБ „Благој Јанков Мучето"

во недостиг на епитети и метафори?

Не, вљубените не знаат за зима,

ко багремовиот цут цутиме,

цутиме и ние со него,

цутиме и ние напролет.

Цутиме во младоста, во рајска доба,

отрезнете се од љубов и ширум отворете очи,

пролет е, будилникот ѕавони и денес,

да нè потсети на љубов и младост,

да нè потсети на живот,

да нè потсети само на убавина!

ЛУБ „Благој Јанков Мучето"



Викторија Трајкова, природно-математички техничар, Босилово

# ПРОЛЕТТА Е ПОЛЕТ

И повторно, по не знам којпат посакувам
со Сонцето и облакот јас да се ракувам.
По росната трева дур чекорам боса,
утрото да ми исплете венче од роса,
па, во неа нека се прекршува зракот светлина
и вечно нека трае таа бисерна убавина.
Една пупка да процвета во алова боја
и пред светот да ја покаже убавината своја.
Само пролетта е полет на таква убавина
што со својата силина тивко и нечујно
ја разгорува љубовта во сечии срца,

ЛУБ „Благој Јанков Мучето"

та кога срцата со љубов се полни,
се создаваат најубавите спомени,
спомени за две срца млади, убави, вљубени.
Тогаш дојди, дојди дур розата цвета,
оти тогаш таа најубава станува
исто како радоста во младоста кога се населува
и срцата на двајца вљубени ги развеселува.
Дојди, заедно да седнеме на лулашката
под расцутената кајсија во бавчата
и срамежливо да се залуламе
небаре цел свет нè гледа.
Прегрни ме цврсто во мигот на победа
кој очигледно најубава приказна ткае
и секој нека знае дека ова е радост.
Ах, младост!
Само тогаш и само така најсилно се сака.
Во пролет што полет во душата ми носи

ЛУБ „Благој Јанков Мучето“

и што секогаш успева да го разгори жарчето што тлее,

да се фатиме за рака и заедно да чекориме низ овој дрворед

низ кој се протегнало виножито од бои,

кога сите мои и твои соништа точката на реалноста ќе ја дофатат.

Во пролет - будилник на младоста,

во пролет - будилник на убавината,

во пролет - будилник на љубовта.

Во овој миг не сакам ништо друго за да не го расипам врвот

на оваа убавина, исткаена со младост, закитена со љубов.

Нека секоја пролет биде сплет од најубави желби,

нека секоја пролет биде најубав дел и почеток на нова приказна!

ЛУБ „Благој Јанков Мучето"



Катерина Тасева, наставник во ООУ
"Мануш Турновски", Ново Село

## БИДИ МИ ПРОЛЕТ

Драги пријатели,

не чудете се што е!

Пристигна пролетта,

кај нас веќе дојде,

со топло добредојде

неосетно го допре секое дрво,

лепејќи им цветчиња розови,

та потоа влезе и во полињата лозови.

На сонцето му нацрта насмевка,

а му ги избриша намуртените веѓи.

Зарем бидува без пролетен дождец?

Та без вода, знаеме,

ПУБ „Благој Јанков Мучето"

нема живот.

Биди ми пролет што во срцето живее

нова боја на секое утро што му дава

и сон најубав пред муграта што се сонува

и прегратка што секогаш ќе ми биде дом

и утеха што постојат очи кои цел мој свет се

и муза мислата што ми ја храни да биде вечност во стихови.Да си ја зачуваш природата,

среќен и здрав човек да бидеш,

нели само здравиот е среќен,

а среќниот е убав човек.

Убавината на природата

одвнатре доаѓа,

но, однадвор се гледа,

зошто како цвеќе расцветано е само лицето на среќниот, на здравиот човек.

ЛУБ „Благој Јанков Мучето“



Марија Витанова, Струмица, студент на Правни студии, Универзитет "Гоце Делчев" - Штип

# ПРОЛЕТНА УБАВИНА

ЈУМБ „Благој Јанков Мучето"

Летни, летни високо, но не станувај невидлива,
ти убавице, убавица на неостварените сонови,
црно - белите ластовички, зумбули и јоргованi,
во тебе, убавице, сите убавини се собрани.
Слетај на најтенката гранка
штотуку расцутена и подмладена,
запеј една песна за љубовта наша незаборавна,
вдиши со полни гради, развесели стари и млади.
Разбуди нѐ од сите неостварени сништа и страсти,
од гордоста на победата и желбата за владеење,

овде, на земјата каде што секој сака да има рај,
но, несвесно на убавините заеднички им става крај.
Отрезни нè од студот во нашите срца кој завладеал,
освежи нè со топлината нежна и пријатна,
измиј нè со секоја твоја нова утринска роса,
погали нè со цветови по нашата пуштена коса.
Не оставај нè, биди со нас најдолго што можеш,
подари ни ружа кога остануваме со раце празни,
наполни ги нашите домови со полни вазни,
раскажувај ни пред спиење најубави сказни.
Прегрни нè со ветрето кое глуварчето го разнесува,
опиј нè со мирисот кој лавандата ни го понесува,
насмеј ни се како секоја темјанушка со главче шарено,
ти благодариме, затоа што сè од тебе ни е подарено.

ЛУБ „Благој Јанков Мучето"



Марија Челебиева, наставник во ООУ
"Маршал Тито", Струмица

## СПОМЕНОТ ЗА ЕДНА ПРОЛЕТ

Ти си секогаш до мене

кога ледените снегови ќе ја заробат мојата душа.

Моите мисли до тебе допираат

за да го намалат крикот на мојата болка.

Ти си споменот за една пролет

кога дознавме за нашите мечти.

Те чекам да дојдеш во градината,

во оваа студена мајска вечер,

кога копнежот ќе биде поголем од болката,

љубовта ќе ги надмине сите пречки,

а мирисот на штотуку расцветаните рози

ќе ги обвие моите мисли.

ЛУБ „Благој Јанков Мучето“

Дојди, со тивок чекор да го заробиш моето срце,

кое нема никогаш да те предаде.

Тогаш повеќе нема да бидам

ни тажна, ни насмеана,

туку вљубена девојка

која ја посакува твојата љубов.

Пролетните дождови ќе ја измијат тагата од нашите очи,

а ние ќе се предадеме како робови на сопствената судбина

кон која чекориме прегрнати заедно,

за никогаш понатаму

да не го поставиме прашањето

што ќе го докосне секој атом

од нашето тело.

НУБ Благој Јанков Мучето



Марија Брндевска, наставник во ООУ "Видое Подгорец", Колешино

# УБАВИНАТА - МИГ ОД ВЕЧНОСТА

Неосетно и таинствено ѕиркаш од под пукнатините на прамајката Земја

низ кои ги вовлекуваш твоите зеленикави росни иглички

кои го параат застојаниот зимски воздух,

и за да ја разбиеш мраморната тишина

го впушташ во поход белото ѕвончесто гласниче

да го најави твоето присуство овде и секаде.

А, твојот придружник - жолтиот нарцисоиден и надмен убавец

в недоглед низ космосот ја шири убавината своја и твоја

и потсетува дека убавината е само откраднат миг од вечноста.

ЛУБ „Благој Јанков Мучето“

Ја доживуваш својата полнота воројот бледорозеви венечни цветчиња

сместени во својот микросвет на гранката од црешата во паркот.

Ти здосади пасивноста и статичноста,

па одлучи крајно театрално да ја рашириш

широката крилеста лепеза на штрковите

и да донесеш раздвижување на фантазијата кај твоите вдахнати опсерватори

- тие сакаат митови.

Се престори самата во мајка, во родилка.

Твојата утроба е предодредена да создава живот, нов живот

и да му ја нуди на светот најубавата музика -

плач на новиот свет.

Во тебе тихува молитвата и тлее надежта

како последната свеќа во некој селски манастир

да се вратиш овде.

А, надежта во женското срце е праформа на љубов.

ЈУБ „Благој Јанков Мучето"



Сузана Стоилкова, личен асистент на ученици со посебни потреби во ООУ “Видое Подгорец”, Струмица

# ПРОЛЕТЕН КОКТЕЛ

Силно светнал ден! Низ прозорецот, во аголот на собата се нанижал златен ѓердан од сончев зрак. Дожд од ситни капки го милува моето лице, а ветрот си игра со моите коси. Коктел од мирис, бои и чувства ме опива. Амбасадорите ја навестуваат пролетта.

Будилникот ѕвони. И на оној кој знае да чека, пролетта ќе му ги отвори вратите. Во прегратка од зелена трева и цветови во различни бои ја гледам младоста во пролетта. Ја гледам и си мислам. Да не постоеше младоста, зарем ќе се сеќавав на детството и среќно и весело ќе чекорев кон староста? А младоста, амбасадор на љубовта и убавината со превез од бои на виножито, се буди во пролетта. Се протега во моите мисли, се шета со моите зборови. Заедно со љубовта и убавината го играат орото на

животот. И најразиграни се во пролетта. Будилникот повторно заѕвони со ракописот на пролетта. Се испиша љубовта со боите на пролетта. А љубовта, таа муза на животот, таа солза радосница, останува засекогаш во срцето. Се капе љубовта во мирисот на зрели цреши, а јас љубам повеќе од вчера, а помалку од утре. Љубам и љубена сум. И сакам пролетна љубов со мирис на мир и спокој. Пролетна љубов со срце полно со надеж и свилени воздишки сплетени од пролетно сонце. А пролетта дава надеж, доверба, весело расположение. Каде ќе беа пролетта, младоста и љубовта да не се дружеа со убавината? Убавината не спие. Во пролетната убавина нема дами и господа, сите сме џентлмени. Надворешната убавина е минлива. Само внатрешната останува трајно и неа ја гледам преку срцето. Пролетната убавина има мирис на утринско проѕевање и боја на сончев чекор. Убавината на пролетта не е затвореник на минатото, таа е пионер на иднината. И сакам младост што може, љубов што сака и убавина што дава.

ЈУКБ „Благој Јанков Мучето"



Марија Чолакова, ученичка во III година
СОУ "Јане Сандански", Струмица

# МАГИЈАТА НА ПРОЛЕТТА

Пролетта ќе ја насетиме по ветрот развигорец, ќе ја почувствуваме по мирисот на расцутените шареноликите цвеќиња, ќе ја видиме во неизмерната радост на малите дечиња, ќе ја погледнеме во очи, во некои сини, но бистри очи, ќе ѝ се насмевнеме кога ќе погледнеме во двајца заљубени, млади, фатени за рака, ќе си дозволиме и едно потсетување на старите љубови. Пролетта за деведесет и два дена ќе стане дел од нас, во смисла ако одлучиме да ги прераснеме рамките на својата лична судбина и станеме симбол на една нова преродба. Пролетта ќе се всели во нас како птица ластовица, ќе ја пробуди во нас убавината на младоста, којашто сите ја сметаме за најубав период од животот. Младоста ни остава траги, неизбришливи од нашето сеќавање, мигови на

ЛУБ „Благој Јанков Мучето“

семоќност, ни носи и моменти на заљубеност, моменти по кои нашата една половина од срцето ја бара другата половина, бараме човек со кој ќе можеме и во четири ѕида и меѓу четирите страни на светот. Ќе имаме и моменти на лудост, онака ќе си ги скроиме за кога ќе остареме, да ставиме некој лек на душата. Да се потсетиме, загледани некаде во далечината, но во мислите ќе отидеме до дестинацијата на младоста, ќе се насмевнеме како дете, невино, ќе си речеме: Ех, да можев да го вратам времето, да се вратам во младоста, не за да ги направам делата на друг начин, туку уште еднаш да ги почувствувам како е да се биде млад и луд! Ете, тоа е магијата на пролетта - да ни овозможи една прошетка низ времињата. Да ни укаже можност да ја развиеме најдобрата верзија од себе, да го проживееме животот, да оставиме некој белег зад тие времиња кои минат пребрзо, а се полни со убавина. Да ги запреме не можеме, а ниту пак да ги вратиме назад, затоа да ги исполниме со љубов и убавина.

И не залудно, писателот Франц Кафка запишал: “Младоста е среќна, бидејќи способна е да ја види убавината, а секој кој може да ја види убавината, не старее”.



Биљана Ѓоргиева Зринк, банкарски службеник, Струмица

## ПРОЛЕТНА СРЕЌА ШТО МИРИСА

Што би била убавината ако за свој дом ја нема природата? И не напразно е оној стих од народната песна: “Ах, природо, ти вечна убавице!” Таа навистина е вечна. Била и ќе биде. Се буди таа секоја година, расцутува, заѕвонува, волшебни мириси дарува и радува, во пролет, во годишното време кое е симбол на нови почетоци, на преобразба на сè што

постои. Време на ново раѓање. Земјата почнува да пулсира, да дише. Дрвјата расцутуваат спремни за поубавиот дел од годината, кога плодови ќе дарат, децата да се сладат и да речат само едно: “Благодарам!”

Погледот патува по ливадите, булки црвени и пред нивната совршеност се поклонуваме. Душата со воздишки ни се полни. Восклик од убавини. Ги забораваме студовите во срцето, снеговите во душата. Пролетта нè лекува, нè облагородува.

Природа и жена. Два збора во женски род. Таа и Таа. Која е таа нишка што ги спојува? Убавината, нели? Онаа исконска, чиста, недопрена. И само некои од нас умеат да ја видат, да ја почувствуваат и да ја осознаат.

Многу љубов се раѓа во пролет, во мај. И не случајно убавината, насмевката, душата е радосна и срцето е вљубено. А љубовта е среќа! Среќа!

Бидете среќни, будејќи се во утрата, запливувајќи во неизвесноста на денот! Бидете радосни, опиени од цутот на црешата!

Земете го во прегратка облакот син, приспивна му запејте и сонувајте за нови предизвици, нови радости, дарувајте убавини и добрини! Бидете и вие една пролет на среќа што мириса!

ЛУБ „Благој Јанков Мучето“



Надежда Ичкова, сметководител,
Струмица

# ПРОЛЕТТА Е НАДЕЖ

Се прашувам дали некогаш ќе престанам да се радувам на пролетта, затоа што чувството што го имам кога таа доаѓа е она истото како кога бев дете. Чувство што може да се опише како кога се подготвуваме за некој свечен чин, брачна церемонија или пак, раѓање на дете. Оној сладок немир во душата што навестува дека доаѓа нешто прекрасно. Тоа е исто како изреката дека после дождот доаѓа сонце. Тоа истото сонце кое толку срамежливо се крие зад облаците, а нам толку насушно ни треба после долгата и студена зима којашто нѐ обојува во сиво и нѐ прави тажни без причина. Тоа сонце чиишто зраци ме милуваат како топла мајчинска рака и му се препуштам целосно без трошка страв. Му се препуштаат и билките, дрвјата, цветовите. Од

неговата топлина и светлина расте секое живо растение, а растеме и ние луѓето. Мирисот на расцветаната кајсија ме враќа во едно далечно минато на безгрижноста на моето детство, на деновите кога ги фрлавме чантите од училиште трчајќи по улиците, вдишувајќи го прекрасниот мирис на цвет, вода и зеленило. Мирисот секогаш буди спомени. Денот кога и официјално настапуваше пролетта и сите деца одевме на прошетка во природа, денот кога најавуваше дека од денес почнуваат игрите. Истото чувство е и денес. Тоа не ме напушта. Пак сум на улицата, само овојпат не трчам, туку чекорам бавно. Не сакам да пропуштам ниту една убавина. Можеби желбата да се овековечи секој момент доаѓа со годините свесни дека секој момент постои само еднаш во животот. Слушам детски џагор околу мене, прозорците на куќите се широко отворени, а домаќинките си довикуваат со комшивките. Од некој автомобил се слуша гласна музика, но тоа не го намалува звукот на брчењето на малите пчелки коишто упорно се туркаат во цветовите на дрвјата. Птиците гласно ја изведуваат

својата симфонија, неуморно надополнувајќи се една со друга. Се прашувам: дали може нечие срце да биде толку студено и да не може да ја почувствува оваа убавина?! "Пролетта покажува што Бог може да направи со едноличен и нечист свет" - рекол Виргил Крафт, а јас ќе надополнам дека пролетта е најголемото уметничко дело на природата којашто си игра со боите на најсовршен начин и на коешто му позавидуваат и најдобрите уметници.

Повторно се чувствувам вљубено. Но, овојпат во животот. Овојпат во секој миг кој е дар од Бога како еден и единствен. Кој нè потсетува дека нема грижа којашто не поминува, дека не постои тага којашто не заминува, дека надежта последна умира. А пролетта е надеж дека секогаш на крајот сè завршува добро, а секоја следна пролет е наше ново раѓање во кое сме помудри, знаејќи дека секоја нова шанса е подобра од претходната. Затоа и Хал Борланд рекол дека нема зима што трае вечно, ниту пак, пролет што го прескокнува својот ред. Сè додека знаеме да им се радуваме на малите нешта коишто

НУБ „Благој Јанков Мучето"

значат живот, младоста ќе биде вечно во нас, заспиена во нашето срце и којашто само чека да биде разбудена од еден сончев зрак, од еден убав цвет, убав збор и љубов човечка, онаа најчистата што потсетува на пролет.



Снежана Лазаревска, ученичка во I година, СОУУД "Димитар Влахов"

ЛУБ „Благој Јанков Мучето"

## ПРОЛЕТТА И МЛАДОСТА ВО МОИТЕ ГРАДИ

Младоста се лути на своето тело кое непослушно расте и се менува

- од дете стануваш Перперуна на која боговите ѝ се восхитуваат.

Така и сонцето насмевнато го брка тмурниот облак од небото сино

и од пустелија празна полето се кити и пчелки и пеперуги му се радуваат.

Јас се восхитувам на секоја доба, младоста во мене ги сака громовите,

во пролетните дождови изгледаме ситни и немоќни под облаците сиви,

се бунтува секоја клетка и восхитот мој е заледен со прикриен страв

што трепери во срцето под големите тмурни облакодери удолу свртени, диви.

А кога мине тој будилник студен, се огласува звукот на ластовички, штркој,

како дебел сјаен јорган сонцето легнало над мојот град - убавина жива.

Пролетта е ко младоста, чудесна тишина и светлина, затишје пред бура,

за потем и солзите и смеата да се претворат во громови на срцата млади и диви.

Сите пчелки скриени во моето срце ги пуштам да зујат и летаат,

ЈУБ „Благој Јанков Мучето"

сите убавини на пролетта да ги рашират низ долини и гори, куќи и згради,

сите сонца на пролетта се мојата младост светот да го грее,

зашто пролетта е будилник на младоста што чука во моите гради.



Мариза Милкова, педагог во ООУ „Никола Вапцаров"

ЛУБ „Благој Јанков Мучето"

## ПРОЛЕТТА - ЦУТАР, ТРЕВЕН И КОСАР

Дојде пролетта по ридовите -
им ја расчешла зелената коса.
Дојде пролетта низ полињата-
ги закити со сребрена роса.

Дојде пролетта низ ливадите -
ги буди со воздишка лесна.
Дојде пролетта крај изворите
им донесе весела песна.

Ни дојде цветната пролет. Ги распосла своите зелени коси, ги гушна нежно пољанките и ливадите. Пролет. Што уште можам да кажам за неа, како би започнала?! Како би го опишала ова најнепредвидливо годишно време? Ги залажува луѓето со по некој сончев ден, а потоа наеднаш дува силен ветар или врне дожд. Можеби затоа луѓето ја нарекле со женско име исто како и месецот март за кого велат: "Баба Марта со сто ума". Ги прелажува дрвцата да ги отворат своите пупки и да расцветаат, а потоа им праќа мразови и цутовите паѓаат.

Пролетта ја нарекуваме и цутар, време кога дрвјата цутат, и тревен – кога тревата раззеленува и косар – кога ги косиме ливадите.

НУБ Благој Јанков Мучето

Таа е волшебен сликар со секакви бои. Пролетта е убавина и топлина што го стоплува секое човечко срце. Наутро се будам со песната на птиците коишто слетуваат на гранките и весело пеат низ прозорецот, па ми доаѓа весело да полетам низ свежиот и чист воздух. Ете, затоа во овој момент ми однемува зборови со кои би го искажала сето она што го чувствувам за пролетта.

Во пролетта е и месецот на жените и мајките. Месец во кој можеби на еден ден им се подарува најмногу нежност, љубов, топлина и внимание. А тие пак, целиот свој живот би го дале за луѓето.

Приказната за пролетта ја продолжувам и понатаму. Тука некаде го одбележуваме и Денот на екологијата. Денот кога треба да возиме без автомобили, денот кога сите заедно треба да посадиме дрвце и на тој начин да ѝ се оддолжиме на природата. Ден кога треба да ги исчистиме парковите, да засадиме трева и да ја вратиме зелената боја насекаде, да ги вратиме мирот и спокојството. Природата ќе ни биде многу

НУБ „Благој Јанков Мучето“

благодарна. Таа ќе ни биде благодарна и за Денот на планетата Земја, кога сите ние се потсетуваме дека грижата кон неа е основната задача на нашето постоење. Ние сме деца на мајката Земја. Нашата љубов, внимание и грижа треба да бидат свртени кон неа. Од Земјата земаме енергија, живееме во нејзините прегратки и од неа ја црпиме секојдневната сила. Ако сме добри и одговорни, ние ќе ја сакаме и ќе ја чуваме, со внимание ќе одговориме на подароците што таа штедро ги истурила пред нас.

Убавината и радоста на пролетта се поврзани и со најголемиот верски празник Велигден. Со доаѓањето на Велигден, ја празнуваме победата на животот над смртта.

И на крајот од пролетта доаѓа роденденот на една посебна личност. Можеби и затоа ми е омилено ова годишно време. Нејзината нежна и мила насмевка, безрезервна љубов го направија мојот живот посебен. Ѝ благодарам многу, ѝ благодарам и на пролетта!

УБ Благој Јанков Мучето

**Благодарност до градоначалникот на Општина Струмица Костадин Костадинов што финансиски го помогна издавањето на оваа книга.**

ЛУБ „Благој Јанков Мучето“

ЛУБ „Благој Јанков Мучето“

ЛУБ „Благој
Јанков
Мучето"